Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

# МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАШТИТА НА НОВИНАРСКИТЕ ПРАВА

## АНАЛИЗА ОД ФОКУС ГРУПИ ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ НОВИНАРИ ОД ЈУГОИСТОКОТ

## 2025



**8 од 10**

**новинари работат без редакција!**

#ПраватаНаНовинарите

## Содржина:


1. Вовед ... 3

1.1 Цел на извештајот ... 3

1.2 Цел на проектот ... 4

1.3 Поврзаност со фокус групата ... 5

2. Информации за проектот ... 6

2.1 Како проектот ќе ги постигне целите: ... 6

3. Резиме од фокус групата ... 7

3.1 Цел на фокус групата ... 7

3.2 Методологија ... 7

4. Анализа на резултатите од фокус групата ... 8

4.1. Идентификација на тековните предизвици: ... 8

4.2. Прекршувања на новинарските права и притисоци: ... 9

4.3. Политичко-економска вмешаност во уредувачките политики: ... 10

4.4 Работна атмосфера и соработка: ... 10

5. Анализа на потребите за поддршка ... 11

5.1. Потреби за поддршка на новинарите: ... 11

5.2. Потреба од континуирана едукација и професионален развој: ... 11

5.3. Потреба од механизми за заштита: ... 12

6. Заклучоци: ... 13

6.1. Проблеми со професионалните услови и финансиската нестабилност: ... 13

6.2. Потреба за соработка и солидарност: ... 13

6.3. Потреба за едукација и менторска поддршка: ... 13

7. Препораки: ... 14

7.1 Развој на независни механизми за пријавување прекршувања: ... 15

7.2 Поддршка за медиумите и новинарите: ... 15

7.3 Јакнење на солидарноста и професионализмот: ... 15

7.4 Поддршка од граѓанските организации: ... 15



Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

# 1. Вовед

## 1.1 Цел на извештајот

Овој извештај се фокусира на резултатите добиени од фокус групата спроведена во рамките на проектот „Механизми за заштита на медиумските права и поддршка за локалните новинари“ поддржан преку програмата SafeJournalist.net, финансиран од Европската Унија.

Целта на извештајот е да ги идентификува главните предизвици со кои се соочуваат локалните новинари и медиумски работници, како и да ги анализира нивните потреби за поддршка. Покрај тоа, извештајот ќе понуди конкретни предлози за решавање на овие проблеми, кои ќе го зајакнат нивниот професионален статус и ќе обезбедат подобри услови за слободно и безбедно работење. Анализата на добиените податоци ќе го осветли актуелниот контекст на медиумите во Југоисточниот плански регион, со посебен фокус на Струмица и соседните општини Босилово, Василево и Ново Село. Во овие региони, медиумските организации се соочуваат со сериозни економски и политички притисоци кои ја ограничуваат нивната слобода и независност.

Во текот на фокус групата, новинарите споделија искуства, проблеми и предлози кои ќе помогнат во дефинирањето на идните активности на проектот.

Овој извештај не само што ги анализира резултатите од дискусиите, туку и ги поврзува со глобалните и локалните трендови и проблеми во медиумската индустрија.

Доколку се разгледаат овие наоди, тие ќе овозможат развој на ефективни решенија кои ќе ги поддржат локалните медиуми и ќе им помогнат на новинарите во нивната професионална работа.

Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

## 1.2 Цел на проектот

Основната цел на проектот „Механизми за заштита на медиумските права и поддршка за локалните новинари“ е да се обезбедат конкретни мерки за заштита на правата на новинарите и медиумските работници, особено оние кои работат во услови на висока економска и политичка зависност. Проектот е насочен кон зајакнување на капацитетите на локалните медиуми и новинарите, со цел да се обезбеди безбедност и слобода на изразување во нивната професионална работа.

Проектот ќе ја зголеми свеста за важноста на медиумските права и ќе ги стимулира институционалните промени кои ќе обезбедат подобри услови за новинарите, особено во помалите и рурални региони како што е Струмица и околните општини.

Преку реализирање на едукативни активности, формирање на локални мрежи за поддршка и спроведување на кампањи за подигање на јавната свест, проектот ќе ги охрабри новинарите да ги препознаваат и да ги пријавуваат прекршувањата на нивните права.

Покрај тоа, проектот ќе се фокусира на подобрување на правната и психолошката поддршка за новинарите, со посебен акцент на жени новинари, кои често се соочуваат со родови предизвици и ограничен пристап до ресурси за заштита на нивните права. Преку различни активности како што се обуки, работилници и јавни настани, проектот ќе обезбеди практични алатки и ресурси кои ќе им овозможат на новинарите да се справат со ризиците и да обезбедат континуирано унапредување на нивните права. Проектот ќе ги создаде предусловите за долгорочно зајакнување на медиумскиот сектор и заштитата на правата на новинарите преку:

Едукација на новинарите за нивните права и механизми за нивно остварување; Создавање локални мрежи на новинари и граѓански организации кои ќе овозможат размена на информации и поддршка за новинарите; Подигнување на јавната свест преку кампањи за заштита на слободата на медиумите; Застапување за институционални промени кои ќе ја зајакнат правната и економската сигурност на новинарите.

Овој проект е особено важен во контекст на медиумската состојба во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија, каде што новинарите често се соочуваат со значителни економски и политички притисоци. Преку интегрираните активности, проектот ќе помогне да се создаде одржлив механизам за заштита на правата на новинарите и да се поттикне позитивна промена во медиумскиот сектор.

## 1.3 Поврзаност со фокус групата

Спроведената фокус група игра клучна улога во формирањето на стратегиите и активностите на проектот. Одговорите, искуствата и ставовите изразени од страна на учесниците ќе служат како основа за понатамошното планирање и имплементација на активностите. Фокус групата овозможи вообичаен дијалог-простор за новинарите од Струмица и околните општини, за да ги споделат со нас своите предизвици, потреби и препораки, кои потоа ќе бидат вклучени во проектните активности. На тој начин, проектот не само што ќе биде во согласност со потребите на локалните медиуми и новинари, туку и ќе ја интегрира локалната реалност во создавањето на практични и ефективни решенија.

Резултатите од фокус групата ќе помогнат да се дефинираат конкретни цели и акции кои ќе бидат насочени кон заштита на новинарите, со фокус на економската независност, правната заштита и професионалното усовршување.

Заради ова, се очекува дека идните активности ќе имаат директно влијание на новинарската професија во овој регион и ќе обезбедат конкретни решенија за проблемите што новинарите ги соочуваат во секојдневната работа. На пример, преку континуирани обуки и едукации, новинарите ќе бидат опремени со алатки за борба против автоцензурата и политичките притисоци. Додатно, создавањето на мрежи за поддршка и застапување ќе ги осигури правата на новинарите, и ќе создаде платформи за лесно пријавување на прекршувања и инциденти.

Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

# 2. Информации за проектот

**2.1 Име на проектот:** „Механизми за заштита на медиумските права и поддршка за локалните новинари “

**Времетраење на проектот:** 01.03.2025 – 28.02.2026 (12 месеци)

**Локација:** Општина Струмица и околните општини (Босилово, Василево и Ново Село) во Југоисточниот плански регион

## 2.1 Како проектот ќе ги постигне целите:

**1. Обуки и едукација:**

Обуките ќе се спроведуваат во текот на целото времетраење на проектот и ќе бидат насочени на едукација за правните алатки и ресурси што новинарите можат да ги користат во случаи на прекршување на нивните права.

**2. Формирање локални мрежи за поддршка:**

Проектот ќе создаде мрежи на новинари, медиумски работници и граѓански организации кои ќе соработуваат за да обезбедат брза реакција на прекршувањата и да обезбедат систем за поддршка. Локалните мрежи ќе обезбедат место каде новинарите ќе можат да споделуваат искуства, да се консултираат со правни експерти и да се поврзат со други организации кои нудат поддршка.

**3. Кампањи за подигнување на свеста:**

Кампањите на социјалните медиуми и јавните настани ќе ги поттикнат граѓаните да се вклучат во заштитата на медиумите и да ја поддржат слободата на изразување.

**4. Застапување за институционални промени:**

Проектот ќе работи на застапување за институционални промени кои ќе создадат подобри услови за работа на новинарите. Соработката со институциите и креаторите на јавни политики ќе биде клучна за обезбедување долгорочна одржливост и успех на проектот.

# 3. Резиме од фокус групата

## 3.1 Цел на фокус групата

Фокус групата беше организирана како дел од проектот „Механизми за заштита на медиумските права и поддршка за локалните новинари“, со цел да се истражат и документираат главните предизвици и потреби со кои се соочуваат локалните новинари во Југоисточниот регион на Република Северна Македонија. Проектот посебно се фокусира на жените новинари, кои се изложени на специфични предизвици, како што се родова дискриминација, недостаток на професионални ресурси и правна заштита. Клучната цел на фокус групата беше да се добијат детални информации кои ќе ги обликуваат идните активности на проектот и да се обезбедат податоци кои ќе помогнат при идентификување на системските и индивидуалните бариери со кои се соочуваат новинарите.

Процесот на собирање информации преку фокус групите ќе овозможи поцелосно разбирање на локалната медиумска сцена, како и ќе послужи за создавање на стратегија за идни интервенции кои ќе се фокусираат на поддршка на новинарите, унапредување на медиумската слобода и заштита на новинарските права. Ова истражување ќе ги информира одлуките за проектните активности, како и ќе обезбеди поддршка за локалните медиуми кои работат во тешки услов

## 3.2 Методологија

**Учесници во фокус групата:**

Фокус групата се состоеше од 12 учесници кои доаѓаа од различни медиумски организации и граѓански иницијативи, како и од новинари со различни професионални искуства. Во групата учествуваа новинари од локални медиуми, претставници на граѓански организации кои се фокусираат на медиумската слобода и застапување на новинарските права, како и правни експерти кои ги познаваат правните аспекти на новинарската заштита.

**Процес на избор на учесници:**

Учесниците беа избрани врз основа на нивното професионално искуство и нивната активност во локалните медиуми и граѓански организации. Посебен акцент беше ставен на вклучување на жените новинари, кои често се изложени на специфични предизвици во медиумскиот сектор. Учесниците беа избрани да бидат што повеќе претставителни за различните аспекти на медиумската индустрија, со цел да се добие што поцелосна слика за состојбата во медиумскиот сектор.

**Сесија на фокус групата:**

Сесиите беа водени од Марија Бандулова Тасева, програмски менаџер во Центарот за истражување и анализи НОВУС, која има долгогодишно искуство во водење на фокус групи и истражувања со медиумски работници.

Модераторката водеше дискусија која се фокусираше на следниве клучни прашања:

- Кои се најголемите предизвици со кои се соочуваат новинарите?
- Како политичките и економските притисоци влијаат на нивната работа?
- Која е улогата на жените новинари и кои се специфичните предизвици со кои се соочуваат?
- Која поддршка е потребна за новинарите да можат да ги извршуваат своите професионални обврски без страв и автоцензура?

Процесот на собирање податоци беше дизајниран така што учесниците беа охрабрени да споделат искрени и отворени коментари за нивните искуства и проблеми, како и да предложат потенцијални решенија за подобрување на состојбата.

Сесиите беа реализирани во атмосфера на доверба и безбедност, така што учесниците се чувствуваа сигурни да ги изразат своите ставови и да дискутираат за чувствителни теми како што се политичките и економските притисоци врз новинарите.

# 4. Анализа на резултатите од фокус групата

## 4.1. Идентификација на тековните предизвици:

Предизвици во новинарската професија:

Учесниците во фокус групата споделија дека новинарството денес се соочува со значителни проблеми што директно го нарушуваат квалитетот на професијата и слободата на информирање. Овие проблеми се многу длабоки и имаат сериозен ефект врз секојдневната работа на новинарите. Прво, медиумските структури во општина Струмица и соседните општини се наоѓаат во голема криза. Многу редакции се затворени, новинарите се принудени да работат без уредничка поддршка и професионална инфраструктура, што доведува до слаби и неорганизирани медиуми.

**Клучните проблеми идентификувани од учесниците:**

- Недостаток на уредничка поддршка и структурирани редакции.
- Затворање на локални телевизии и портали.
- Ограничен пристап до информации и несоодветни закони што ја регулираат работа на малите медиуми.
- Политички и економски притисоци кои го ограничуваат слободното информирање и уредувачката независност.
- Недостаток на новинарски ресурси и кадрови потенцијали.

**Изјава од новинарите:**

"Не можеме да го споредиме денешното новинарство со минатото. Тогаш имавме поддршка, имавме редакции, а сега сме сами. Затворени телевизии, затворени радија, новинарите се останати без услови за работа."

## 4.2. Прекршувања на новинарските права и притисоци:

**Прекршувања и притисоци:**

Иако физичките закани се поретки, новинарите во овој регион често се соочуваат со поинакви форми на притисок, најчесто од страна на економски и политички фактори. Автоцензурата е најчестиот облик на само принудена интервенција во новинарската работа, со цел да се задоволат финансиските и политичките интереси на новинарските куќи или на поединечни моќни групи.

Често, новинарите се принудени да извршуваат изместување на факти или да го менуваат пристапот кон теми кои се чувствителни за локалната власт или одредени интересни групи.

**Реални примери од новинарите:**

"Во повеќе од 30 години новинарство, во последните години физички напади не се чести, но софистицираните економски притисоци сè повеќе се присутни. Овие притисоци често се поврзани со политички интереси и уредувачки политики."

"Нас против нас стои огромен емоционален и професионален стрес, бидејќи, ако не се вклучиме во политички игри, мораме да се опкружиме со автоцензура."

Funded by the European Union
Центар за истражување и анализи НОВУС
safejournalists.net

## 4.3. Политичко-економска вмешаност во уредувачките политики:

**Вмешаност во медиумските политики:**

Политичкото и економското влијание врз медиумите го нарушува новинарскиот интегритет. Според изјавите на учесниците, медиумите сѐ повеќе се сведуваат на проекти кои зависат од краткорочни финансирања, со ограничени ресурси за вистинско истражувачко новинарство и критичко известување. Во исто време, новинарите работат под услови во кои не можат слободно да истражуваат и објавуваат, затоа што уредувачките политики ги принудуваат да го адаптираат својот пристап во согласност со политичките и економските интереси на институциите или бизнис секторот.

**Коментари од новинарите:**

"Новинарството се претвори во проектен бизнис. Нема основа за квалитетно истражување, секој треба да ги усогласува содржините кои одговараат на интересите на оние кои финансираат. За некои новинари, едноставно, нема просторија за критичко известување."

"Во моментов, уредувачките политики не се базирани на новинарската етика и професионализам, туку на економски интереси. За жал, често се соочуваме со ситуации кога треба да промениме содржина која би била непријатна за политичките фигури кои ги финансираат нашите медиуми."

"Политичката вмешаност е очигледна, особено кога се јавуваат избори или важни државни настани. Нашите уредувачки тимови се принудени да изберат кои содржини ќе бидат објавени, а кои не, во зависност од тоа кој има интерес да ги контролира медиумите."

## 4.4 Работна атмосфера и соработка:

**Атмосфера во медиумската заедница:**

Атмосферата во новинарските кругови е полна со разочарување и стрес. Учесниците изразија дека изолацијата на новинарите, поради недостатокот на редакции и ресурси, доведува до пад на професионализмот и создава несигурност во работата. Присутни се знаци на фрустрација, бидејќи не само што нема доволно поддршка, туку и во работната средина доминира индивидуализам и страв од губење на работата.

**Коментари од новинарите:**

"Нема тимски дух. Работиме сами, без поддршка и заеднички напори, што ја прави работата уште потешка."

Funded by the European Union
Центар за истражување и анализи НОВУС
safejournalists.net

# 5. Анализа на потребите за поддршка

## 5.1. Потреби за поддршка на новинарите:

Новинарите во Југоисточниот регион се соочуваат со сериозен недостиг од солидарност и поддршка, како од колегите така и од медиумските организации. Клучните потреби за поддршка кои беа идентификувани во фокус групата вклучуваат правна и психолошка поддршка, едукација, солидарност меѓу новинарите, како и мрежи за меѓусебна поддршка.

## 5.2. Потреба од континуирана едукација и професионален развој:

Потребите за континуирана едукација и менторска поддршка се од клучно значење, особено за младите новинари кои се изложени на нови форми на известување. Новинарите посочија дека не постојат системски обуки кои ги

Funded by the European Union

задоволуваат нивните потреби, што ја комплицира работата во услови на брзи промени во медиумската индустрија.

## 5.3. Потреба од механизми за заштита:

Во контекст на недостатокот на доверба во постоечките механизми за заштита, новинарите нагласуваат потреба од независни и ефикасни институции кои ќе овозможат правна и психолошка поддршка, како и механизми за брзо и сигурно пријавување на прекршувања на новинарските права.

Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

# 6. Заклучоци:

## 6.1. Проблеми со професионалните услови и финансиската нестабилност:

Новинарите во Југоисточниот регион се соочуваат со сериозни проблеми кои се поврзани со економската зависност и нестабилност на медиумите. Медиумските организации, особено малите и независните медиуми, се принудени да работат под притисок од моќни политички и економски интереси, што ја ограничава слободата на новинарите да известуваат објективно и независно. Финансиската нестабилност, недоволното финансирање и краткорочни проекти ги принудуваат новинарите да се насочат кон содржини кои ќе бидат во согласност со барањата на нивните финансиски донатори или политички спонзори. Ова создава сериозен проблем за професионализмот, доведува до автоцензура и го намалува квалитетот на новинарството.

## 6.2. Потреба за соработка и солидарност:

Има итна потреба од развој на мрежи и механизми за соработка и солидарност помеѓу новинарите, медиумските организации и граѓанските организации. Локалните новинари и медиумски работници работат во изолирани услови, без соодветна уредувачка и техничка поддршка. Ова ги остава без заштита, особено кога се соочуваат со притисоци од локалните власти или бизнис секторот. Развивањето на силни мрежи на поддршка, каде новинарите ќе можат да споделуваат искуства и ресурси, ќе овозможи поголема безбедност и кохезија во секторот. Потребна е меѓусебна поддршка не само во професионален контекст, туку и во психолошкиот аспект, особено за младите новинари кои се соочуваат со огромни предизвици при започнувањето на нивната кариера.

## 6.3. Потреба за едукација и менторска поддршка:

Едукацијата и професионалниот развој на новинарите се клучни за нивната способност да се справат со новите медиумски формати и дигиталните вештини. Новинарите, особено оние кои работат во малите локални медиуми, често не имаат пристап до соодветна обука и ресурси кои би им помогнале да се адаптираат на новите технологии и трендови во новинарството. Недостатокот на редовни обуки за новите форми на известување, како поткасти, видео формати и дигитални алатки, ги остави многу новинари без потребните компетенции за да се усогласат на современите предизвици. Менторството и практичните обуки од искусни новинари и експерти се клучни за обезбедување на континуитет во развојот на професијата.

Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net

# ГЛАВЕН ЗАКЛУЧОК:

Новинарите во Југоисточниот регион се соочуваат со сериозни структурни предизвици кои директно ја загрозуваат слободата, безбедноста и квалитетот на нивната работа. Недостатокот на финансиска стабилност, политички и економски притисоци, слаба уредувачка и техничка поддршка, како и ограничен пристап до континуирана едукација и менторство, создаваат неповолна средина за развој на независно и професионално новинарство. За надминување на овие предизвици, неопходно е системско вложување во јакнење на медиумската заедница преку стабилни модели на финансирање, развој на мрежи за соработка и солидарност, како и воспоставување на програми за обука и менторство што ќе овозможат одржлив професионален развој на новинарите.







Недостаток на одржливо финансирање ја загрозува слободата на медиумите

Локалните новинари имаат потреба од заедничка поддршка и заштита.

Современото новинарство бара нови дигитални вештини и континуирана едукација.

# 7. Препораки:

## 7.1 Развој на независни механизми за пријавување прекршувања:

Има потреба од формирање на независни, ефикасни и транспарентни механизми за пријавување на прекршувања на правата на новинарите. Сегашните механизми, иако постојат, не се доволно функционални и не имаат доволно доверба кај новинарите. Многу новинари не се охрабруваат да ги користат поради страв од одмазда или чувството дека пријавата нема да има резултат. Затоа, потребно е да се формира независна платформа, која ќе овозможи новинарите да пријавуваат инциденти без страв од последици. Оваа платформа треба да биде поддржана од независни тела и да гарантира правна и психолошка поддршка, како и транспарентност во процесот на обработка на пријавите.

## 7.2 Поддршка за медиумите и новинарите:

Потребно е да се развијат и имплементираат нови финансиски модели и закони кои ќе обезбедат поддршка за мали и независни медиуми, што е особено важно за новинарите во локалните заедници. Овие медиуми се често соочени со недоволно финансирање, што го ограничува нивниот капацитет да обезбедат квалитетна и независна покритие. Оваа поддршка треба да вклучува како финансиска помош, така и техничка и уредувачка поддршка. Исто така, потребни се редовни обуки за младите новинари, каде што ќе се фокусира на етичко новинарство, како и на новите медиумски формати и дигитални вештини.

## 7.3 Јакнење на солидарноста и професионализмот:

За да се зголеми кохезијата и професионализмот во новинарската заедница, медиумските организации и здруженијата треба активно да го поддржат новинарството преку создавање на мрежи за заедничка поддршка. Овие мрежи ќе им овозможат на новинарите да разменуваат искуства, да делат информации и ресурси и да се поддржуваат во борбата за правата и слободите на новинарите. Меѓу новинарите треба да се развие култура на солидарност, особено во услови на економска и професионална нестабилност, што ќе им овозможи да се спротивставаат на притисоците и заканите.

## 7.4 Поддршка од граѓанските организации:

Фокус групите укажуваат дека е неопходно граѓанските организации да преземат поактивна и систематска улога во заштитата и промоцијата на новинарските права. Препорачливо е тие да:

Funded by the European Union
Центар за истражување и анализи НОВУС
safejournalists.net

# ПРЕПОРАКИ:

Новинарите треба да имаат можност безбедно да пријавуваат прекршувања без страв од одмазда

Малите и независни медиуми имаат потреба од одржлива финансиска и техничка поддршка.

Потребни се мрежи на поддршка и заеднички ресурси меѓу новинарите за поголема отпорност.

Граѓанските организации да преземат активна улога во заштитата на медиумските слободи.



**Оваа анализа е изработена во рамките на проектот „Механизми за заштита на медиумските права и поддршка за локалните новинари“, како дел од Програмата за поддршка на граѓански и медиумски организации во рамките на проектот финансиран од Европската унија: „SafeJournalists Network“, спроведуван од Центарот за истражување и анализи НОВУС.**

**Анализата е подготвена врз основа на ставовите, коментарите и препораките изнесени од учесниците во фокус групите. Содржината на документот ги одразува исклучиво нивните мислења и согледувања и не ги претставува официјалните ставови, политики или позиции на Европската унија, донаторот или партнерите во проектот, ниту на организацијата што ја спроведува програмата.**

Funded by the European Union

Центар за истражување и анализи НОВУС

safejournalists.net